<Date> Број за идентификација <Consumer ID>

<Participant Given Name> < Participant Family Name >
<Preferred Mailing Address>
<Preferred Mailing Address >
<LOCALITY> <STATE> <POSTCODE>

Драги <Participant Given Name> < Participant Family Name >

Би сакал да ве поканам да учествувате во Националната програма за откривање рак на дебелото црево (National Bowel Cancer Screening Program).

Со ова писмо се приложени комплет за проверка со упатства, како и информативна книшка. Ве молам одвојте време да ги прочитате.

Проверката е бесплатна, а за да ја направите ќе ви бидат потребни само по неколку минути во два наврати.

Информативната книшка дава повеќе информации за проверката. За да учествувате, треба да земете примероци од две одења по голема нужда според упатствата во комплетот за проверка. Треба:

- вашиот комплет да го чувате на студено место и пред и после земањето на примероците;
- да ја завршите проверката **колку што е можно побрзо**;
- да го пополните **Формуларот со поединости за учесникот (Participant Details Form)**; и
- да ги испратите вашите примероци заедно со Формуларот со поединости за учесникот до патолошката лабораторија користејќи го однапред адресираниот плик со платена поштарина што е приложен во комплетот.

Патолошката лабораторија ќе ги анализира примероците и ако биде најдена крв (што е познато како позитивен резултат од проверката), ќе ве замолат да појдете кај вашиот лекар за да разговарате за резултатот. **Позитивниот резултат не значи дека имате рак на дебелото црево.** Тој само значи дека во вашата столица е откриена крв и треба да појдете кај вашиот лекар заради натамошни проверки за да се утврди причината за крварењето. Повеќето луѓе со позитивен разултат немаат рак на дебелото црево.

Ракот на дебелото црево може да се развие а притоа да даде само неколку знаци за рано предупредување, или да не даде никакви знаци. Затоа е толку важно да се направи проверка. Меѓутоа, ако имате било кои од знаците наведени во информативната книшка, треба да појдете кај вашиот лекар. Исто така треба да поразговарате со вашиот лекар колку што е можно поскоро и ако имате значителен семеен историјат на рак на дебелото црево.

Се надевам дека ќе одлучите да учествувате во оваа важна Програма. Ако не сакате да учествувате, ве молам пополнете го Формуларот за истапување/привремено истапување на крајот на информативната книшка. Ако имате било какви прашања во врска со комплетот за проверка или со Програмата, ве молам јавете се на Информативната телефонска линија на **1800 118 868** во текот на работното време, или зборувајте со вашиот лекар.

Искрено ваш

**Професор Џон Хорват АО**
**Главен медицински службеник**

NBCSR C001